

# СОВЕТ НА ЕВРОПА КАМПАЊА ЗА **БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАР(К)ИТЕ**

# JOURNALISTS MATTER

## Council of Europe Campaign for the Safety of Journalists

СОВЕТ НА ЕВРОПА КАМПАЊА ЗА **БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАР(К)ИТЕ**



*Овој превод е направен со финансиска помош од Европската Унија и Советот на Европа. Наведената содржина е единствена одговорност на Советот на Европа и нужно не ги одразува ставовите на Европската Унија.*

Превод кофинансиран од Европската Унија

www.coe.int/**Journalists**Matter

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

**JOURNALISTS MATTER**
Council of Europe Campaign for the Safety of Journalists

## Контекст

Како што е документирано од Платформата за заштита на новинарството и безбедноста на новинар(к)ите и нагласено во Годишните извештаи на Генералната секретарка на Советот на Европа, последната деценија бевме сведоци на зголемен број закани по безбедноста и сигурноста на новинар(к)ите во рамките на земјите-членки.
Издадени се голем број документи во кои се дефинирани политиките како одговор на горенаведеното, вклучувајќи ја особено Препораката CM/Rec(2016)4 за заштита на новинарството и безбедноста на новинар(к)ите и другите медиумски актери и нејзиниот Водич за спроведување „Како да се заштитат новинар(к)ите и другите медиумски актери?"
Конференцијата на Министрите одговорни за медиуми и информациско општество одржана во јуни 2021 година побара од Советот на Европа да спроведе сеопфатна кампања на европско ниво посветена на промовирање на заштитата на новинарството и безбедноста на новинар(к)ите, како што е предвидено во придружната Резолуција.

## Цели

Целта на кампањата е да ја подигне свеста и да стимулира ефективно справување со актуелните прашања, а крајната цел е да се зголеми безбедноста на новинар(к)ите и другите медиумски актери во сите ситуации преку:
- **промовирање** на организирањето соодветни кампањи на национално ниво;
- **менување** на ситуацијата ефективно и значително во пракса;
- **обезбедување** помош за развој на соодветни правни и институционални рамки на национално ниво;
- **поттикнување** на државите да преземат мерки за усвојување на национален Акциски план за безбедност на новинар(к)ите.

## Целни групи

- **Новинар(к)ите** ќе бидат повикани да играат клучна улога во кампањата за нивната безбедност и слободата на медиумите воопшто;
- **Медиумските совети**, националните и меѓународните здруженија и институции кои се занимаваат со слободата на медиумите и правата на новинар(к)ите ќе бидат повикани да ја зајакнат нивната вклученост и поддршка за заштитата на безбедноста на новинар(к)ите;
- **Медиумите** ќе бидат повикани поефикасно и поактивно да придонесат за заштита на безбедноста на новинар(к)ите;
- **Судиите/јките, обвинител(к)ите, органите на прогонот** и другите релевантни јавни органи ќе бидат повикани да ја подигнат нивната свест и да го подобрат својот капацитет за поефикасна заштита на безбедноста на новинар(к)ите;
- **Јавните службеници/чки**, избраните тела и политичките партии ќе бидат повикани да ги подобрат политиките и законодавството кои влијаат на безбедноста на новинар(к)ите и слободата на изразување;
- **Граѓанското општество**, вклучувајќи ги и релевантните независни институции за човекови права ќе бидат повикани да преземат проактивни чекори и да ги сензибилизираат јавните власти и општеството воопшто за ситуацијата на терен;
- **Образовните институции**, вклучително и средните училишта и универзитетите, ќе треба да обезбедат информации за релевантните аспекти во врска со безбедноста на новинар(к)ите, да се вклучат во дискусијата, да дадат придонес и да ја подигнат свеста и чувството на итност да се дејствува против заканите по безбедноста на новинар(к)ите.

## Методологија

**Четири тематски настани за време на траењето на кампањата:**
1. Заштита;
2. Гонење;
3. Превенција;
4. Промоција на информации, едукација и подигање на свеста.

**Секоја тематска сесија ќе вклучува презентација** на примери од најдобрите примери во пракса и дискусија за приоритетните области со цел да се идентификуваат аспектите кои заслужуваат дополнително разгледување и да се предложат револуционерни решенија. Како резултат, ќе се изработи релевантен дел од моделот за национални акциски планови, со цел да се олесни поефективната имплементација на законски и други рамки.
**Национални поглавја** - Советот на Европа ќе го поттикне, придружува и олеснува организирањето на „националните поглавја" од страна на земјите-членки според националните потреби идентификувани во соработка со националните комитети. Националните активности може да бидат во форма на тематски сесии, програми за обука и активности за подигање на свеста поврзани со опсегот на кампањата, вклучително и преку активностите за соработка на Советот на Европа и проектите на терен. Поддршката ќе биде обезбедена и преку гарантирање на учеството на релевантните засегнати страни, како што се претставниците/чките и експерт(к)ите, и мобилизирање, колку што е соодветно, на партнерите/активист(к)ите за промени како што се новинар(к)ите и нивните здруженија, медиумите, невладините организации, политичар(к)ите, меѓународните организации и владините претставници/чки. Ваквите активности ќе следат по настанот за отпочнување на кампањата, но може да се организираат во подготовка или како продолжение на годишниот тематски настан на Советот на Европа.

## Имплементација

- **CDMSI (Управниот одбор за медиуми и информациско општество)** беше задолжен од Комитетот на министри за започнување и координација на кампањата;
- **Државите ќе бидат поканети да назначат национална контакт точка** и **национален комитет** задолжен за координирање на поврзаните активности на домашно ниво и развивање на национални акциски планови и специфични заштитни механизми за подобрување на безбедноста на новинар(к)ите;
- **Советот на Европа ќе организира еден годишен состанок** меѓу претставниците на националните контакт точки.

## Партнери во кампањата

- **Клучни меѓународни партнери**, како што е Платформата за заштита на новинарството и безбедноста на новинар(к)ите и нејзините партнерски организации;
- **Релевантни служби на меѓународните организации** како што се Обединетите нации, особено УНЕСКО; Европската Унија; Канцеларијата на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите и други;
- **Други релевантни чинители** кои ќе дејствуваат како партнери во кампањата, како што се новинар(к)и и волонтер(к)и;
- **Истакнати личности**, на пример, меѓународно признати новинар(к)и, активист(к)и за човекови права и политички авторитети.

## Очекувани резултати

- подобрување на заштитата;
- подигање на свеста;
- здружување на силите.

**Новинар(к)ите ширум Европа уживаат во безбедно опкружување** тие треба слободно и понаметливо да ја играат својата улога на „чувар(к)и на јавноста".
Усвоени се **повеќе Национални акциони планови.**
Воспоставени се **засилени правни и институционални заштитни механизми.**
Поставени се **ефективни правни лекови** против нападите.
Се спроведуваат **подобри истраги** за кривични дела против новинар(к)и и соодветно санкционирање на сторителите.
**Зголемена свест** за позитивната улога на новинар(к)ите која е потврдена и од пошироката јавност и од носителите на одлуки во 46 земји-членки.

## План на активности

**Активности 2023 година**
- 5 октомври 2023 година – започнување на Кампањата во Рига, под Претседателство на Латвија со Комитетот на Министри на Советот на Европа;
- Формирање и прв состанок на мрежата на национални контакт точки;
- Промовирање на ревидираниот водич за спроведување;
- Изработка на „преглед" за Национален акциски план.

**Активности 2024 година**
- Тематски настан за заштита;
- Национални и регионални состаноци на избрани теми;
- Годишен состанок на националните контакт точки.

**Активности 2025 година**
- Тематски настан за гонење;
- Национални и регионални состаноци на избрани теми;
- Годишен состанок на националните контакт точки;
- Среднорочен преглед.

**Активности 2026 година**
- Тематски настан за превенција;
- Национални и регионални состаноци на избрани теми;
- Годишен состанок на националните контакт точки.

**Активности 2027 година**
- Тематски настан за промоција;
- Национални и регионални состаноци на избрани теми;
- Завршен преглед и Завршен настан.

## Лица за контакт

Кампањата ја координира Секторот за управување со медиуми и интернет, Оддел за информациско општество.

Лицата за контакт се:
- Артемиза Чиска (artemiza-tatiana.chisca@coe.int)
- Родика Чиокина (rodica.ciochina@coe.int)
- Џулија Лукезе (giulia.lucchese@coe.int)